Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-18/9
12-04-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-18/1 од 2.1.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје, против Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката - Скопје, за извршено вознемирување врз основа на политичка припадност во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 22.3.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВИКТИМИЗАЦИЈА И ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на политичка припадност во областа на работа и работни односи сторена од страна на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката - Скопје врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-18/1 од 2.1.2024 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работа и работни односи, од страна на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје (во понатамошниот текст АДИССДП - РМ).

Согласно наводите од претставката, подносителот е вработен во АДИССДП – РМ со договор за вработување на неопределено време од 2007 година на позиција [redacted] во Секторот за стопанисување со деловен простор, работно место за кое согласно Правилникот за систематизација на АД, потребни квалификации се работникот да има завршено средно образование. Подносителот наведува дека во текот на неговиот работен однос, се стекнал со повисок степен на образование, поради што со Известување [redacted] на 18.7.2022 година доставил податоци и документи како потврда за неговиот стекнат степен на високо образование до Секторот за општи и правни работи, со цел да побара прераспределување на соодветно работно место кое е систематизирано со потребно високо образование. Согласно претходно наведеното, во претставката е истакнато дека од денот на поднесување на предметното барање, сè до денот на поднесување на претставката за заштита од дискриминација, подносителот не добил писмен одговор од страна на Секторот за општи и правни работи, при што наведува дека од страна на директорот на правна служба усно му било кажано дека ќе биде постапено по неговото барање и дека неговиот дооформен степен на образование ќе му биде прифатен.

Во продолжение на претставката, наведено е дека од денот кога ја добил усната информација до денот на поднесувањето на претставката за заштита од дискриминација биле објавени неколку јавни огласи за вработување во АДИССДП – РМ за работни места за кои е потребен висок степен на образование, при што подносителот дополнително наведува дека на неколку останати вработени во АД им е признаен повисокиот стекнат степен на образование со одлука на Одборот на директори, за разлика од неговото барање по кое не било постапено.

На крајот на претставката, подносителот истакнува дека смета дека ваквото нееднакво постапување во однос на останатите вработени во АД е врз основ на неговото политичко уверување, кое се разликува од она на вработените лица на кои им бил признаен повисокиот стекнат степен на образование.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 12.1.2024 година испрати Известување бр. 08-18/4 за произнесување по наводите од претставката до Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

На ден 27.2.2024 година, подносителот на претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави дополнување на претставката за заштита од дискриминација заведено под арх. бр. 08-18/5. Со предметниот допис, подносителот ја извести Комисијата дека АДИССДП постапило по неговото барање за признавање на стекнатото високо образование, при што на 25.1.2024 година потпишал нов договор за вработување на работно место „самостоен референт за возен парк“. Притоа, тврди дека по склучувањето на договорот, не бил задолжен со работни задачи од страна на неговиот работодавач и дополнително, од страна на вработен од Кабинетот на Генералниот Директор на АД, кој не претставува раководител на секторот во кој подносителот е вработен, бил сместен во просторија која не претставува канцеларија и нема соодветни услови за канцелариско работење и на АД му служи како магацин, при што во прилог на дополнувањето достави фотографии од предметната просторија. Во врска со претходно наведеното, подносителот на претставката дополнително наведува дека „Со зборовите ќе станам перач на коли на сред двор како би ми се смееле сите и дека сум бил многу паметен да пријавувам во Комисија за спречување и заштита од дискриминација и добро да се облечам бидејќи долго ќе сум останел тука.“ Притоа, на 12.2.2024 година за предметната ситуација ги известил Генералниот директор, директорот на бордот на директори, помошник-директорот за општи и правни работи и непосредниот раководител на неговиот сектор, наведувајќи дека до 27.2.2024 година не добил одговор на неговите известувања.

На ден 11.3.2024 година, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, членката на Комисијата Флора Кадриу изврши непосреден увид во просториите на потенцијалниот дискриминатор, на кој присуствуваа [redacted] на секторот за правни и општи работи, [redacted] одделот за безбедност и здравје при работа. Со оглед на фактот дека Комисијата не доби произнесување по наводите од претставката и по истекот на законски предвидениот рок, беше потребно да се прибават дополнителни податоци за да се утврди фактичката состојба

Од страна на претставниците на акционерското друштво беше истакнато дека тие испратиле произнесување по пошта архивирано на 29.1.2024 година, при што беше констатирано дека истото не пристигнало до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а Комисијата воедно не добила поштенска испратница за уредна достава и прием на Известувањето за произнесување испратено до АДСДП. Оттука, дополнително беше образложено дека подносителот на претставката за заштита од дискриминација водел постапка и пред Државниот трудов инспекторат, при што биле констатирани неправилности само во однос на фактот дека „Работодавачот не го запознал работникот [redacted] со одредбите од Законот за заштита од вознемирување на работно место, што е спротивно на член 11 од истиот Закон.“, согласно што на работодавачот му биле донесено решение со кое му се изрекува инспекциска мерка опомена во рок од 30 дена да ги отстрани погоре наведените неправилности и недостатоци.

Дополнително беше наведено дека подносителот на претставката за заштита од дискриминација отсуствувал од работното место до 29.1.2024 до 9.2.2024 година поради боледување, додека од 12.2.2024 до 8.3.2024 година користел денови од годишен одмор, со тоа што тврдат дека истиот бил отсутен од работното место од склучувањето на новиот изменет договор за вработување па се до денот на извршување на увидот – 11.3.2024 година. Оттука, образложуваат дека на работникот не можело да му се доделуваат работни задачи поради фактот што не бил присутен на работното место.

На прашањето во однос на наводите за сместувањето на работникот во просторија која не е соодветно приспособена за работа согласно условите за безбедност и здравје на работното место, наведуваат дека биле извршени мерења со кои било утврдено дека конкретната просторија нема соодветни работни услови, меѓутоа дополнително наведуваат дека истата никогаш не му била доделена на подносителот на претставката како нова работна просторија, образложувајќи го истото со фактот дека подносителот ниту еден ден не работел во конкретната просторија/барака.

Од страна на членката на Комисијата беше побарана информација кој е непосреден раководител на секторот во кој е распределен подносителот на претставката, при што беше дадена информација дека во моментот на неговото прераспределување, [redacted] додека непосредно по тоа, бил распределен нов [redacted]

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дополнително оствари средба со подносителот на претставката, при што констатира дека на денот на извршување на увидот, тој бил сместен во канцеларија со соодветно приспособени работни услови. Подносителот на претставката истакна дека при склучувањето на нов договор за вработување на 25.1.2024 година, уште истиот ден започнала виктимизацијата кон него, со тоа што усно му било кажано да оди да работи во просторија бр. 803 која не е соодветна за работа. Дополнително, подносителот [redacted] истакна дека на денот на увидот – 11.3.2024 година, имале состанок на ниво на сектор, на кој од страна на неговиот [redacted] „Ќе те убијам, ќе ти дојдам дома глушец еден, ќе те фрлам од тераса. Излези од овде, ти си антитело тука."

На крајот на увидот, членката – известител на Комисијата имаше средба и со раководителот на секторот каде што е распределен подносителот на претставката – [redacted] на кој беа присутни [redacted] – стручно лице и надзорен инженер, [redacted] – обезбедување во кабинетот на генералниот директор и [redacted] на АДИССДП. Членката на Комисијата побара одговор на прашањето дали постоеле закани на работното место насочени кон подносителот на претставката, на што раководителот на секторот одговори дека не постоеле никакви закани, туку по давањето на задачи и одговорности на вработените во неговиот сектор на денешниот состанок, од страна на подносителот му било кажано дека од следниот ден ќе си користи денови од годишен одмор/ќе оди на боледување. Исто така наведе дека подносителот барал да биде вратен на претходната позиција на која работел, одбивал да ги изврши зададените работни задачи, кои се состоеле од тоа да го одржува возниот парк и да ги попише возилата. Ваквите наводи беа потврдени од страна на останатите вработени кои биле присутни на состанокот на ниво на сектор. Во однос на наводите на подносителот дека бил сместен во просторија [redacted] истите беа отфрлени од страна на [redacted], со тоа што беше образложено дека конкретната просторија служела како остава и соблекувална на возачите, која не била предвидена како канцеларија, поради што и немало ситуација каде на подносителот на претставката му била дадена наредба да започне да ги извршува своите работни задачи во конкретната просторија.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја прибави следната документација при остварениот увид:

- Писмено произнесување по наводите од претставката за заштита од дискриминација заведено под арх. бр. 03-361/2 од 29.1.2024 година;
- Записник за извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд ИП1 бр.0909-340/10-342 од 8.3.2024 година;
- Одлука за давање отказ на договорот за вработување со понуда за склучување на нов проментет договор за вработување (прераспоредување) арх. бр. 02-582/1 од 25.1.2024 година;
- Договор за вработување арх. бр. 04-582/2 од 25.1.2024 година;
- Извештај за привремена спреченост за работа на подносителот на претставката [redacted] за периодот од 29.1.2024 до 9.2.2024 година;
- Барање за користење на годишен одмор во времетраење од 20 дена за периодот од 12.2.2024 до 8.3.2024 година, заведено под арх. бр. 04-4/111/1 од 9.2.2024 година;
- Решение за користење на дел од годишен одмор со кое се одобрува претходно наведеното барање, заведено под арх. бр. 04-4/111/2 од 14.2.2024 година;
- Заклучок на одбор на директори во врска со разгледување на известувањето бр. 03-862/1 поднесено од страна на [redacted] на 12.2.2024 година;

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за извршено вознемирување и виктимизација од страна на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката - Скопје врз [redacted]

Имено, Комисијата утврди дека АДИССДП – РМ и непосредниот [redacted] извршиле виктимизација врз подносителот, имајќи го предвид фактот дека по неговото покренување на постапка за заштита од дискриминација против неговиот работодавач, трпел штетни дејствија, односно закани од страна на неговиот непосреден раководител, усна наредба за прераспоредување во просторија која не е приспособена за канцелариско работење и останати штетни дејствија кои го таргетираат вработениот [redacted] како подносител на претставка за заштита од дискриминација.

Имајќи ги во предвид горенаведените факти, Комисијата утврди дека со таквите дејствија, постапки и однесување на непосредниот раководител на подносителот на претставката за заштита од дискриминација – [redacted] е сторено вознемирување врз [redacted] со што врз основ на неговата политичка припадност била создадено заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка содржина, пристап или практика кон него.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди вознемирување и виктимизација врз основа на политичка припадност во областа на работа и работните односи од страна на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје врз [redacted]

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

# ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката – Скопје и непосредниот раководител на подносителот на претставката за заштита од дискриминација [redacted] во иднина да се воздржат од дејствија кои би довеле до вознемирување на работникот [redacted]

Доколку АДИССДП – РМ не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од **член 27 став 4** од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
12.4.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
- Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката - Скопје, ул. „Орце Николов“ бр. 138, 1000 Скопје